# УПАТСТВО ВО ПАКУВАЊЕТО: ИНФОРМАЦИИ ЗА КОРИСНИКОТ
## ПАРСЕДИЛ/ PARSEDIL® 75 mg обложени таблети
*dipyridamole*

**Пред употреба на лекот внимателно прочитајте го упатството.**
- Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.
- Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот доктор или фармацевт.
- Овој лек Ви е препишан Вам лично и не треба да го давате на други лица, бидејќи може да им наштети дури и ако нивните симптоми се исти како Вашите.
- Ако некоја од несаканите појави стане сериозна или ако забележите несакана појава која не е наведена во ова упатство, Ве молиме известете го Вашиот доктор или фармацевт.

**Упатството содржи:**
1. Што претставува Парседил и за што се употребува
2. Што мора да знаете пред да употребите Парседил
3. Како да се употребува Парседил
4. Можни несакани дејства
5. Како да се чува Парседил
6. Дополнителни информации

## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА ПАРСЕДИЛ И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

Името на Вашиот лек е Парседил таблети. Содржи активна супстанција дипиридамол. Тој спаѓа во групата лекови наречени антитромботични лекови, кои се користат за спречување на згрутчувањето на крвта.

Лекот Парседил го спречува згрутчувањето на крвта кое може да се појави ако сте имале замена на вештачките срцеви залистоци.

## 2. ШТО МОРА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА УПОТРЕБИТЕ ПАРСЕДИЛ

**Немојте да употребувате Парседил ако:**
- сте алергични (пречувствителни) на дипиридамол или на некоја друга состојка на лекот Парседил.

**Бидете особено претпазливи со Парседил ако:**
- имате ангина или други срцеви нарушувања (вградена срцева валвула или циркулаторни нарушувања) или ако неодамна сте имале инфаркт;
- имате мијастенија гравис;
- имате проблеми со крвавењето;
- сте бремена, ако планирате бременост или ако доите.

Доколку не сте сигурни за нешто од горенаведеното, разговарајте со Вашиот доктор или фармацевт пред да го употребите лекот Парседил.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

**Употреба на други лекови**
*Ве молиме да го известите Вашиот доктор или фармацевт ако употребувате или ако неодамна сте употребувале други лекови, вклучувајќи и лекови што се земаат без рецепт (тука спаѓаат и хербалните лекови).*
Лекот Парседил може да влијае на дејството на некои лекови, но и другите лекови може да влијаат на неговото дејство.
Особено е важно ако употребувате некој од следните лекови:
- варфарин и други лекови кои го спречуваат згрутчувањето на крвта;
- аспирин (ако употребувате или ако планирате да употребувате);
- лекови за висок крвен притисок;
- антациди (лекови за индигестија);
- лекови за мускулна слабост познати како инхибитори на холинестераза;
- аденозин (се користи за срцеви проблеми или за тестови за испитување на срцето).

**Доколку правите тестови за испитување на срцето**
Таблетите Парседил содржат дипиридамол. Понекогаш дипиридамолот се дава како инјекција со цел да се види дали срцето правилно функционира (тест наречен ‘myocardial imaging’, што значи дека тестот и лекот ја имаат истата супстанција). Доколку треба да примите инјекција дипиридамол, известете го Вашиот доктор дека земате таблети Парседил.

**Земање Парседил со храна и со пијалак**
Таблетите Парседил најдобро е да се земаат пред оброк.

**Бременост и доење**
*Побарајте совет од Вашиот доктор или фармацевт пред да земете каков било лек.*
Известете го Вашиот доктор ако сте бремена или ако планирате бременост.
Известете го Вашиот доктор ако доите. Таблетите Парседил може да се користат за време на доењето само доколку Вашиот доктор смета дека е неопходно.

**Возење и ракување со машини**
Нема податоци дека дипиридамолот влијае врз способноста за возење и за ракување со машини.

**Важни информации за некои состојки на лекот Парседил**
Таблетите Парседил содржат лактоза и сахароза. Ако Вашиот доктор Ви кажал дека не поднесувате некои шеќери, контактирајте со докторот пред да го употребите овој лек.

## 3. КАКО ДА СЕ УПОТРЕБУВА ПАРСЕДИЛ

*Секогаш земајте Парседил точно онака како што Ви препишал докторот. Ако не сте сигурни како треба да го употребувате лекот, консултирајте се со својот доктор или со фармацевт.*

Вообичаено дозирање:
- вкупна доза е помеѓу 300 и 600 mg секој ден, поделена во 3 или во 4 дози;
- максимална дневна доза е 600 mg;

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

- најдобро е лекот да се зема пред оброк.

Лекот не треба да се дава на деца.

**Ако сте зеле поголема доза Парседил отколку што треба**
Ако сте зеле поголема доза, отколку што треба, побарајте совет од Вашиот доктор или фармацевт. Земете го пакувањето од лекот со себе, дури и ако е празно.
Можна е појава на симптоми како што се бранови на жештина, потење, немир, чувство на слабост, вртоглавица и ангина. Може да се појави и пад на крвниот притисок и тахикардија.

**Ако сте заборавиле да земете Парседил**
Земете ја пропуштената доза што поскоро и продолжете како што Ви е препишано. Доколку се ближи времето за наредната доза, земете ја само неа. Не земајте двојна доза за да ја надоместите пропуштената.

*Ако имате дополнителни прашања за употребата на овој лек, обратете се кај Вашиот доктор или фармацевт.*

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

*Како и сите други лекови и Парседил може да предизвика несакани дејства, кои не се појавуваат кај сите пациенти.*

При употреба на лекот Парседил може да се појави алергиска реакција која вклучува недостиг на здив, течење на носот, тежок исип со чешање, отекување, оток околу очите.

**Други несакани дејства се**:
- зацрвенување;
- намалување на крвниот притисок;
- влошување на симптомите на срцева болест, како што се болка во градите и проблеми со срцето;
- нарушување на крвта – тромбоцитопенија, која доведува до појава на модринки и до продолжено крвавење при повреди и постоперативно.

Кај пациенти со жолчни камења дипиридамолот може да се апсорбира во жолчните камења.
Несакани ефекти кои обично исчезнуваат со продолжување на терапијата се: главоболка, чувство на слабост или вртоглавица, гадење, повраќање, нарушување на варењето на храната или дијареја, болки во мускулите.

*Ако кој било несакан ефект станува сериозен или ако забележите несакан ефект кој не е наведен во ова упатство, Ве молиме да го известите Вашиот доктор или фармацевт.*

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

## 5. КАКО ДА СЕ ЧУВА ПАРСЕДИЛ

**Лекот чувајте го на места недостапни за децата!**
Лекот не бара посебни услови на чување.
Не употребувајте Парседил по датумот на истекот на рокот на употреба, наведен на пакувањето. Датумот на истекот на рокот на употреба се однесува на последниот ден од тој месец.
Лековите не треба да се исфрлаат во отпадна вода, ниту во смет од домаќинството. Прашајте го Вашиот фармацевт како да ги отстраните лековите кои повеќе не Ви се потребни. Овие мерки ќе помогнат да се заштити околината.

## 6. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

**Што содржи Парседил**
- *Активна супстанција:* дипиридамол.

Една обложена таблета Парседил содржи 75 mg дипиридамол.
- *Помошни состојки:*

*Таблетно јадро:* лактоза монохидрат; пченкарен скроб; микрокристална целулоза; силициум диоксид колоиден анхидричен; натриум скробен гликолат; повидон; талк; магнезиум стеарат.
*Шеќерна обвивка:* сахароза; титан диоксид E171; повидон; полиетилен гликол 6000; акација; талк; боја еритрозин (E127), 38-42 %; боја жолтопортокалова (E104), 18-24 %; опаглос 6000.

**Изглед на лекот Парседил и содржина на пакувањето**
Таблетите Парседил се црвени, тркалезни, сјајни, биконвексни обложени таблети.
Обложените таблетите се спакувани во блистер пакување (AL/PVC фолија).
Кутијата содржи 1 блистер со 15 обложени таблети и упатство за пациентот.

**Начин на издавање на лекот**
Лекот може да се издава само со лекарски рецепт (Р).

**Број и датум на решението за промет**

**Производител и носител на одобрението за ставање на лекот во промет**
АЛКАЛОИД АД Скопје
бул. Александар Македонски 12
1000 Скопје, Република Македонија
тел.: + 389 2 31 04 000
факс: + 389 2 31 04 021
www.alkaloid.com.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

**Датум на последната ревизија на упатството**